Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 12, 27 октомври 2008 година

октомври 2008
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *селекција и семепроизводство* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *ентомологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето доцент на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *градинарство* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник за областа *здравствен менаџмент* на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 23

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област *здравствено осигурување и квалитет на здравственото осигурување* на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 24

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по предметот Менаџмент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по предметите Трудово право, Јавна администрација и други сродни дисциплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент по група предмети од областа *информатички технологии* на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 33

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ ТРУДОВО ПРАВО, ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА И ДРУГИ СРОДНИ ДИСЦИПЛИНИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на седницата одржана на 14.10.2008 година, донесе Одлука за формирање на Рецензентската комисија за избор на кандидатот д-р Војо Беловски, во звање насловен доцент по предметите *Трудово право, Јавна администрација и други сродни дисциплини* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип во следниот состав:

1. д-р Стеван Алексоски – редовен професор
2. д-р Милан Илиески – вонреден професор
3. д-р Ванчо Стојчев – вонреден професор.

По разгледување на приложените материјали и преземените активности, во согласност со Законот и актите на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Комисијата го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс во дневниот весник „Дневник“, објавен на 13.9.2008 година, за избор на наставник во звање насловен доцент по предметите Трудово право, Јавна администрација и други сродни дисциплини на Правниот факултет во Кочани се пријави кандидатот д-р Војо Беловски, доктор на правни науки, вработен во „Кјуби - осигурување“, ОБИ – „Македонија“ - Скопје.

Врз основа на член 142 од Законот за високото образование и член 131 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира:

а) Војо Беловски – доктор на правни науки од областа на кадровски менаџмент, доставил пријава со потребните документи во рокот утврден во Конкурсот.
б) условите по објавениот Конкурс ги исполнува во целост.

Пријавата на кандидатот ја проучивме и ја утврдивме следнава состојба.

**Биографски податоци**

Кандидатот **д-р Војо Беловски** е роден во с. Владимирово, Беровско, на 4.4.1955 година. Во Берово завршува основно образование и општа гимназија, со одличен успех.

Во 1979 година во Скопје завршува Правен факултет.

Во 1997 година на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје се стекнува со звање *магистер на правни науки од областа на кадровски менаџмент.*

Во 2002 година се стекнува со научно звање *доктор на науки од областа на правните науки* на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.

***Работно ангажирање***

Својот работен стаж го започнува во 1981 како стручен соработник за кадри, органи на управување и нормативна дејност во ЗОИЛ „Македонија“ – Скопје.

Од 1982 до 1992 година е раководител на Служба за нормативни, кадровски и општи работи во ЗОИЛ „Македонија“ – Скопје.

Од 1992 до 2001 година работи како стручен соработник за ликвидација на штети од моторни возила во истата организација.

Од 2001 до 2002 е раководител на Служба за кадровски и општи работи во истата организација.

Во 2002 година станува раководител за транспорт и кредити и на Служба за надомест на штети од незгода.

Од 2002 до 2007 е назначен за управител – главен менаџер на Компанија „Д-р Беловски“ на кое место работи и денес.

***Објавени стручни и научни трудови***

Пред изборот во звање насловен доцент, кандидатот д-р Којо Беловски напиша и објавил 5 стручни трудови во списанијата „Економија и бизнис" и „Правник", како и 15 стручни трудови во списанието „Македонија осигурување".

Повеќето од трудовите се презентирани на стручни советувања од областа на трудовото право, од областа на осигурувањето, од областа на трговското право и менаџмент и заштита на акционерски права.

Подготвени книги за печат на повторни дополнителни и изменети изданија.

- Јавна администрација.

Забелешка: поголем број од трудовите не се доставени на увид.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на приложените материјали, разгледувајќи ја наставно-образовната и научноистражувачката активност на пријавениот кандидат по предметите Трудово право, Јавна администрација и други сродни дисциплини, Комисијата констатира дека научниот интерес на кандидатот д-р Којо Беловски е од областа на трудовото право, кадровскиот менаџмент и административно-управното право, поради што едногласно му дава доверба на кандидатот д-р Којо Беловски. Релевантноста на оваа констатација на Комисијата во експлицитна форма може да се аргументира со повеќе индикатори.

Кандидатот д-р Којо Беловски, како со својот беспрекорен работен ангажман на нормативната, кадровска проблематика, така и со целокупниот творечки опус, се промовира во личност која во себе подеднакво инкорпорира практичар, истражувач и научник чиј интерес е пред сè во трудовото и административното право.

Научните и стручните сознанија кандидатот ги применува и во праксата во својата работна средина како раководител на Служба за кадровски и општи работи во истата организација каде ги докажува неговите квалитети за комуникација, тимска работа и практична примена на современите теоретски текови во областа на правните науки. Темелниот пристап во работата, систематичноста и особено високата професионална свест во извршувањето на поставените работни задачи се основни особини што го одбележуваат интелектуалниот код на д-р Којо Беловски, кој одамна ги надминал стручните детерминирaности на својата работна средина надминувајќи го и проширувајќи го својот радиус на владеење на оваа правна проблематика со интересот за научноистражувачка работа од својата област, што му овозможува континуирана комуникација со пошироката стручна и научна јавност во Р. Македонија.

Земајќи го предвид широкиот дијапазон на интереси и активности како личност, научник и истражувач, впечатокот за исклучителноста на неговиот интелектуален изглед е неоспорен.

Кандидатот д-р Којо Беловски има исклучително богата активност во сферата на трудовото и административното право и научноистражувачката и апликативно-раководната активност.

Поради наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правиот факултет во Кочани при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, **д-р Којо Беловски** да го избере за наставник по предметите ***Трудово право, Јавна администрација и други сродни дисциплини*** на Правниот факултет во звање насловен доцент, согласно со објавениот Конкурс.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Стеван Алексоски – претседател, с.р.**

**Проф. д-р Милан Илиески – член, с.р.**

**Проф. д-р Ванчо Стојчев – член, с.р.**